**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 септември 2023 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: август 2023 година

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити, во август 2023 година, изнесува 5,49% и е непроменета на месечна основа, додека на годишна основа е зголемена за 1,15 п.п. Просечната каматна стапка на вкупните депозити бележи месечен и годишен раст од 0,05 п.п. и 0,86 п.п., соодветно и изнесува 1,55%.

- Во август, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2] бележи месечно намалување од 0,04 п.п. и изнесува 5,53%, а на годишно ниво е зголемена за 1,49 п.п. Просечната каматна стапка на новопримените депозити изнесува 2,17% и е пониска за 0,04 п.п. на месечна основа, при годишен раст од 1,25 п.п.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 8.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 1.2023 | 2.2023 | 3.2023 | 4.2023 | 5.2023 | 6.2023 | 7.2023 | 8.2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **4.34** | **4.35** | **4.44** | **4.98** | **5.00** | **5.04** | **5.08** | **5.09** | **5.12** | **5.49** | **5.49** |
| Корпоративен сектор | 3.55 | 3.59 | 3.84 | 4.60 | 4.63 | 4.70 | 4.79 | 4.81 | 4.86 | 5.36 | 5.36 |
| Домаќинства | 5.07 | 5.05 | 5.01 | 5.34 | 5.34 | 5.34 | 5.34 | 5.34 | 5.35 | 5.61 | 5.61 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.04** | **4.09** | **4.83** | **5.05** | **5.20** | **5.26** | **5.44** | **5.32** | **5.26** | **5.57** | **5.53** |
| Корпоративен сектор | 3.72 | 3.72 | 5.02 | 5.19 | 5.22 | 5.27 | 5.53 | 5.36 | 5.26 | 5.75 | 5.73 |
| Домаќинства | 4.49 | 4.65 | 4.38 | 4.81 | 5.18 | 5.23 | 5.26 | 5.25 | 5.27 | 5.32 | 5.24 |
| **Вкупни депозити** | **0.69** | **0.70** | **0.86** | **0.93** | **1.00** | **1.11** | **1.17** | **1.22** | **1.40** | **1.50** | **1.55** |
| Корпоративен сектор | 1.03 | 1.11 | 1.34 | 1.35 | 1.75 | 1.74 | 1.82 | 1.92 | 1.99 | 2.02 | 2.08 |
| Домаќинства | 0.66 | 0.67 | 0.81 | 0.88 | 0.92 | 1.04 | 1.11 | 1.15 | 1.34 | 1.44 | 1.50 |
| **Новопримени депозити** | **0.92** | **1.07** | **1.34** | **1.51** | **1.71** | **2.04** | **2.23** | **1.93** | **2.70** | **2.21** | **2.17** |
| Корпоративен сектор | 0.81 | 1.08 | 1.09 | 1.00 | 1.40 | 1.10 | 1.62 | 1.50 | 2.11 | 1.57 | 1.81 |
| Домаќинства | 0.97 | 1.07 | 1.40 | 1.71 | 1.86 | 2.27 | 2.34 | 2.18 | 2.87 | 2.40 | 2.32 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[3]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор, во август, остана на истото ниво од 5,36% како и претходниот месец, додека на годишна основа оваа каматна стапка е повисока за 1,81 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во август, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор изнесува 5,73% и забележа месечен пад од 0,02. Според валутната структура, падот во целост произлегува од намалените каматни стапки на кредитите во странска валута (за 0,55 п.п.), во услови на раст на каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,59 п.п. и 0,14 п.п., соодветно). Во споредба со август минатата година, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор е зголемена за 2,01 п.п.







Извор: НБРСМ.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, овој месец е зголемена за 0,06 п.п. и изнесува 2,08%. Месечната промена е резултат на повисоките каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,10 п.п.), во услови на забележан пад на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,02 п.п), при непроменети каматни стапки на денарските депозити со валутна клаузула. Анализирано на годишна основа, оваа каматна стапка оствари раст од 1,05 п.п.

– Во август, каматната стапка на новопримените депозити[4] на корпоративниот сектор изнесува 1,81% и забележа месечен раст од 0,24 п.п. Анализирано по валута, растот целосно е одраз на зголемените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,62 п.п.), во услови на пад на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 1,27 п.п. и 0,28 п.п., соодветно). Во споредба со истиот период претходната година, каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор бележи раст од 1,00 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[5]







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата изнесува 5,61% и се задржа на истото ниво од претходниот месец, додека на годишно ниво оствари раст од 0,54 п.п.

[4] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[5] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Во август, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, оствари месечно намалување од 0,08% и изнесува 5,24%. Притоа, намалувањето е резултат на падот на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,05 п.п. и 0,03 п.п., соодветно), во услови на раст на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,06 п.п.). На годишно ниво, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата бележи пораст од 0,75 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата овој месец изнесува 1,50% и бележи месечен раст од 0,06 п.п. Нагорната промена се должи на зголемувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,06% и 0,05%, соодветно), во услови кога не е забележана промена на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула. Споредено со август минатата година, оваа каматна стапка е повисока за 0,84 п.п.

– Во август, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[6] е намалена за 0,08 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,32%. Падот е одраз на намалувањето на каматните стапки на депозитите во странска валута и каматните стапки на депозитите без валутна клаузула (за 0,07 п.п. и 0,04 п.п., соодветно). Во август, банките и штедилниците не евидентирале новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата на годишно ниво е зголемена за 1,35 п.п.

[6] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 октомври 2023 година (референтен пресек заклучно со септември 2023 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.